*ОПШТИНА КАРПОШ*

ГРАДОНАЧАЛНИК

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Број 9 Година XVII

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА
# ОПШТИНА КАРПОШ

СКОПЈЕ, мај 2023

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## ЗАКЛУЧОК
**за објавување Едногодишен краток Акционен план за спроведување на мерки и активности дефинирани со ЛЕАП 2 (Локален Еколошки Акционен План) за 2023 година**

1. Се објавува Едногодишен краток Акционен план за спроведување на мерки и активности дефинирани со ЛЕАП 2 (Локален Еколошки Акционен План) за 2023 година, донесен на дваесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 17 мај 2023 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-4236/1**
**Датум:19.05.2023 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски**

# Едногодишен краток Акционен план за спроведување на мерки и активности дефинирани со ЛЕАП 2 (Локален Еколошки Акционен План) за 2023 година

## Вовед

Во согласност со Законот за локална самоуправа (Службен весник на Р.М. бр. 5/2002), една од надлежностите на општините е „заштита на животната средина и природата преку мерки за заштита и спречување од загадување на водата, земјиштето, заштита на природата, заштита од бучавата и нејонизирачкото зрачење“.

Според Законот за животна средина (Службен весник на Р.М. бр. 53/2005, 24/07, 159/08, 83/09 и измени 124/10, 51/11) “Советот на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје, врз основа на оцената на своите специфични состојби и потреби, а во согласност со Националниот акционен план за животната средина, донесуваат локални акциони планови за животната средина во согласност со утврдена методологија”.

Почитувајќи ги овие законски обврски, преку веќе донесениот ЛЕАП 2 на Општина Карпош во кој се идентификувани клучните проблеми поврзани со заштитата на животната средина опфатени во следните тематски области:

1. Воздух;
2. Отпад;
3. Почва;
4. Вода;
5. Бучава;
6. Енергетска ефикасност и
7. Климатски промени.

Анкетата спроведена на идентификуваните 25 проблеми од сите тематски области посочи 17 клучни проблеми кои се предмет на дејствување со акциските планови во шестгодишниот период на реализација на овој стратешки документ.

Акцискиот план за 2023 година претставува предлог мерки и активности кои се однесуваат на овие наведени проблеми што треба да почнат или целосно да се реализираат во 2023 година. Во програма за работа на Секторот за екологија и енергетска ефикасност за 2023 година е предвиден буџет од **1.200.000,00 денари** за реализација на истите.

**Методологија за реализација на активностите**

Врз основа на ДПСИР методологијата (Driving force - движечка сила, Pressure - притисок, State - состојба, Impact - влијание, Response - одговор/реакција) преку која се дефинира движечките сили кои имаат влијание на животната средина, притисокот кој ја модифицира состојбата на медиумите и животната средина, сегашната состојба и влијанието како и дефинирање на соодветен одговор/акција за решавање на проблемите.

Имајќи ја во предвид ДПСИР методологијата во целост Акциониот план е базиран на истата и се фокусира на следниот методолошки пристап на реализација на активностите со следниот редослед:

- Дефинирање на проблемот;
- Дефинирање на мерки за разрешување;
- Идентификација на акциите кои треба да се превземат за спроведување на предложените мерки;
- Одговорни лица за спроведување на активностите;
- Временска квартална реализација на активности;
- Предвидени средства за реализација и
- Идентификација на можни надворешни извори за финансирање.

За секој од предложените проекти за реализација се предвидува и план за набљудување и оценување кој ги содржи:

1. Очекување резултати;
2. Показатели и успех;
3. Фреквенција на следење;
4. Одговорно лице за набљудување и оценување на успешноста на реализацијата на мерките и акциите во ЛЕАП за Општина Карпош.

Мерки и активности за реализација – табеларен приказ

| Тематска област: Воздух | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Проблеми** | **Мерки** | **Акции** | **Одговорни лица за реализација** | **Предвиден буџет (денари)** | **Време на реализација** | **Можни извори на финансирање** |
| Аерозагадување од домаќинства и индустриски капацитети (користење на цврсти, течни и недозволени горива за загревање) | Намалување на емисиите на загадувачки материи (NOx, $PM_{10}$, VOC, $SO_2$) кои потекнуваат од сообраќајот над граничните вредности на заштита на животната средина за секоја загадувачка материја | 1. Изработка на Студија за фреквентност на сообраќајот на територија на општина Карпош | Сектор за екологија и енергетска ефикасност | 100.000,00 денари | 2023 година | Средства од буџетот на Општина Карпош |
| | | 2. Поставување на т.н. “Зелен ѕид за прочистување на воздухот“ преку садење на жива ограда во рамки на ООУ „Петар Поп Арсов“ | Сектор за екологија и енергетска ефикасност | 100.000,00 денари | 2023 година | Средства од буџетот на Општина Карпош |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | поединечно | | | | | |
| Забелешка:<br>Со овие мерки опфатни се 2 поважни проблеми од листата на евидентирани проблеми во донесениот ЛЕАП на Општина Карпош | | | | Вкупно средства за реализација:<br>200.000,00 денари | | |

| Тематска област: Отпад | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Проблеми | Мерки | Акции | Одговорни лица за реализација | Предвиден буџет (денари) | Време на реализаци ја | Можни извори на финансира ње |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Недостаток на примарна селекција на отпад на местото на генерирање од домаќинства и правни субјекти | Пристап кон податоци за создавачи на сите видови отпад и начин на негово управување | 3. Набавка и поставување на мобилна компостара на територијата на Општина Карпош | Сектор за екологија и енергетска ефикасност | 500.000,00 денари | 2023 година | Средства од буџетот на Општина Карпош |
| | Зајакнување на капацитетот на општината за мониторинг на отпад | 4. Набавка на 5-6 електрични тротинети за потребите за реализирање на тековни активности на вработените во општинската администрација. | Сектор за екологија и енергетска ефикасност | 250.000,00 денари | 2023 година | Средства од буџетот на Општина Карпош |
| | Иницирање на проекти за подигање на јавна свест на граѓаните и реализација на јавна | 5. Подигнување на јавна свест за потребата од примарна селекција и рециклирање преку иницирање на проекти со | Сектор за екологија и енергетска ефикасност | 200.000,00 денари | 2023 година | Средства од буџетот на Општина Карпош |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | кампања за потребата од примарна селекција, рециклирање и реупотреба на одреден тип на материјал кој се рециклира | граѓански организации<br>▪ Реализација на јавна кампања<br>▪ Изработка на промотивен материјал за начинот на селекција на отпадот и материјалите кои се рециклираат и нивната вредност како секундарни суровини<br>▪ Избор на материјал за кој постојат изводливи технички решенија за сепарирано собирање и третман<br>▪ Дефинирање на проектна задача<br>▪ Реализација на проектот (во соработка со преработувачите на материјали кои се | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | рециклираат и/или крајни корисници) | | | | |
| | Иницирање на проекти за подигање на јавната свест на граѓаните и тесна соработка со урбани и месни заедници | 6. Реализација на јавна кампања за соодветно управување со отпад<br>▪ Одржување на состаноци со претставници од урбаните и месните заедници на месечно ниво<br>▪ Донирање на садови за селектирање на отпад<br>▪ Подобрување на соработка со јавното комунално претпријатие<br>▪ Засилена контрола и инспекција од страна на општината | Сектор за екологија и енергетска ефикасност | Без финансиски импликации | 2023 година | / |

| Забелешка:<br>Со овие мерки опфатени се 4 поважни проблеми од листата на евидентирани проблеми во донесениот ЛЕАП на Општина Карпош | Вкупно средства за реализација:<br>950.000,00 денари |
|---|---|

| Тематска област: Енергетска ефикасност | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Проблеми** | **Мерки** | **Акции** | **Одговорни лица за реализација** | **Предвиден буџет (денари)** | **Време на реализација** | **Можни извори на финансирање** |
| Незаинтересираност и мал степен на познавање кај граѓанскиот и приватниот сектор за можностите и технологиите за користење на алтернативни | Подигнување на јавна свест и стимулација за имплементација на мерки за енергетска ефикасност во домаќинствата, комерцијалниот и услужниот сектор | 7. Изработка на промотивни материјали за информирање на населението за можностите за поставување на 4kW фотоволтаични централи за енергија за сопствена потреба и размена на вишокот во мрежа | Сектор за екологија и енергетска ефикасност | Без финансиски импликации | 2023 година | / |

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| извори на енергија | | | | | | |
| Забелешка:<br>Со овие мерки опфатен е 1 поважен проблем од листата на евидентирани проблеми во донесениот ЛЕАП на Општина Карпош | | | | Вкупно средства за реализација:<br>Без финансиски импликации | | |

**Финансиски импликации**

Општина Карпош во рамките на својот финансиски и кадровски потенцијал, а во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање и останатите општини во Град Скопје, вложува напори да го одржи и поправи нивото на квалитетот на животната средина. Во согласност со финансиските можности како средства во буџетот за реализација на овој акциски план во 2023 година се проектирани вкупно 1.200.000,00 денари. Овие средства ќе бидат искористени за најнеопходните мерки и активности што треба да ги превземе општината кои се дадени во текстот подолу.

За спроведување на предложените активности се предвидени следниве потребни средства:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Подготовка на ЛЕАП 3 за периодот 2024-2029 година | 50.000,00 денари |
| 2. | Изработка на Студија за фреквентност на сообраќајот на територија на општина Карпош | 100.000,00 денари |
| 3. | Поставување на т.н. “Зелен ѕид за прочистување на воздухот“ во ООУ Петар Поп Арсов | 100.000,00 денари |
| 4. | Набавка и поставување на мобилна компостара за потребите на основните училишта на територијата на Општина Карпош | 500.000,00 денари |
| 5. | Набавка на 5-6 електрични тротинети за потребите на вработените во општинската администрација | 250.000,00 денари |
| 6. | Подигнување на јавна свест за потребата од примарна селекција и рециклирање преку иницирање на проекти со граѓански организации | 200.000,00 денари |
| | ***Вкупно......................................................................................*** | ***1.200.000,00 денари*** |

Овој Акционен план обезбедува успешна реализација на современиот приод при креирањето и спроведувањето на политиката за заштита на животната средина и планирањето на одржливиот развој кој не е можен без квалитетни, исцрпни и ажурни информации за изворите на загадувањето, за состојбата во животната средина и просторот, за техничко – технолошките решенија кои се на располагање и за економско – финансиските односи во фазите на инвестирање и реализирање на производство.

Поттикнати од законските обврски, но и свесни за состојбите со животната средина и желбата истата да се унапреди, со овој акциски план го завршуваме спроведувањето на ЛЕАП-от 2019-2024 година. Општина Карпош во континуитет ќе продолжи со изработка и спроведување на новиот ЛЕАП 2024-2029 година како план на мерки и активности за решавање на проблемите во животната средина и зачувување на постојните природни убавини и релативно чиста животна средина во општината.

Број: 09-3984/5
Датум:17.05.2023 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
## за објавување Службена белешка за не усвојување на Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во обласа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Карпош за 2023 година

1. Се објавува Службената Белешка за не усвојување на Предлог-Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во обласа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Карпош за 2023 година, донесена од Претседателот на Советот на Општина Карпош, по одржувањето на дваесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 17 мај 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-4236/2**
**Датум: 19.05.2023 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002), а во врска со усвоената втора предлог - точка на дневниот ред за работа на дваесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош – Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Карпош за 2023 година, Претседателот на Советот на Општина Карпош донесе

## СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА

**за не усвојување на Предлог-Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Карпош за 2023 година**

1. Со оваа Службена белешка се констатира дека предложената точка од усвоениот Дневен ред за работа на дваесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош – Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Карпош за 2023 година, НЕ Е УСВОЕНА.

По извршеното гласање беше констатирано дека ЗА гласале 3 члена на Советот, ПРОТИВ гласале 20 члена на Советот, ВОЗДРЖАНИ нема, врз основа на што е констатирано дека не е усвоена Предлог-Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Карпош за 2023 година.

**Број: 09-3984/6**
**Датум: 17.05.2023 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Бранко Ристов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Одлука за наградување на професори-тренери и индивудуално прогласени ученици спортисти во училишните спортски игри Карпош 2023**

1. Се објавува Одлуката за наградување на професори-тренери и индивудуално прогласени ученици спортисти во училишните спортски игри Карпош 2023, донесена на дваесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 17 мај 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-4236/3**
**Датум:19.05.2023 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), а во врска со Глава II Проектни активности, точка 1. Активност/Настан: Училишни спортски игри Карпош 2023, од Програмата за дејноста спорт за 2023 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.25/2022), Советот на Општина Карпош, на дваесет и осмата седница, одржана на 17.05.2023 година, донесе

# ОДЛУКА

**за наградување на професори-тренери и индивудуално прогласени ученици спортисти во училишните спортски игри Карпош 2023**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува доделување на 19 парични награди на професорите-тренери по физичко и здравствено образование и индивидуално прогласените ученици спортисти за постигнат успех во училишните спортски игри Карпош 2023 година.

За професорите-тренери по физичко и здравствено образование, се доделуваат следните награди:

- За освоено прво место на училишната спортска екипа по 8.000,00 денари за три професори во: фудбал, кошарка и одбојка
- За освоено второ место на училишната спортска екипа по 6.000,00 денари за три професори во: фудбал, кошарка и одбојка и
- За освоено трето место на училишната спортска екипа по 5.000,00 денари за три професори во: фудбал, кошарка и одбојка.

За индивидуално прогласените најдобри спортисти во училишните игри на Општина Карпош ќе се додели парична награда во износ од по 6.000,00 денари за десет (10) ученици.

**Член 2**

Средствата за исплата на паричните награди од член 1 на оваа одлука се обезбедени во Буџетот на Општина Карпош за 2023 година.

**Член 3**

За исплата на наградите од член 1 на оваа одлука, поединечни решенија донесува Градоначалникот на Општина Карпош.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 09-3984/7
17.05.2023 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Одлука за одобрување финансиски средства за замена на азбестен кровен покривач на индивидуален станбен објект (куќа) во Општина Карпош на ул.„Хелсинки“ бр.26, Општина Карпош-Скопје**

1. Се објавува Одлуката за одобрување финансиски средства за замена на азбестен кровен покривач на индивидуален станбен објект (куќа) во Општина Карпош на ул.„Хелсинки“ бр.26, Општина Карпош-Скопје, донесена на дваесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 17 мај 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-4236/4
Датум:19.05.2023 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 4; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на екологија и енергетска ефикасност за 2022 година, точка 2.2 Активности од областа на енергетска ефикасност, потточка 6.Субвенционирање на енергетско ефикасни кровови („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.23/2021 и бр.25/22), Јавен повик за доделување финансиска поддршка за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективно домување и замена на азбесни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи) во Општина Карпош бр.11-2842/2 од 11.04.2022година, Апликација бр.11-3148/1 од 12.04.2022 година за финансиска подршка за поправка и санација на кровни покривачи на станбена зграда, Правилник за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективното домување и замена на азбесни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи) во Општина Карпош бр.09-2483/13 од 31.03.2022година, Советот на Општина Карпош, на дваесет и осмата седница, одржана на 17.05.2023 година, донесе

## ОДЛУКА
**за одобрување финансиски средства за замена на азбестен кровен покривач на индивидуален станбен објект (куќа) во Општина Карпош на ул.„Хелсинки“ бр.26, Општина Карпош-Скопје**

### Член 1
Со оваа одлука се усвојува Барањето за финансиски средства како дел од средствата за поправка на кровни покривачи на станбени згради за колективното домување и замена на азбесни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи) во Општина Карпош на ул „Хелсинки“ бр.26 Општина Карпош-Скопје, согласно апликација бр.11-3148/1 од 12.04.2022год. доставена од Перса Парнаџиева од Скопје.

### Член 2
За реализација на барањето од член 1 на оваа одлука се одобруваат средства во износ од 75.000,00 денари кои ќе се исплатат еднократно и се обезбедени во Буџетот на Општина Карпош за 2023 година.

### Член 3
Врз основа на оваа одлука, Општина Карпош и барателот на финансиски средства Перса Парнаџиева од Скопје имаат обврска да потпишат Договор за одобрување на финансиски средства

за предметната намена, врз основа на што Градоначалникот на Општина Карпош ќе донесе Решение за исплата на финансиските средства за предметната намена.

**Член 4**

Перса Парнаџиева се обврзува средствата доделени од Општина Карпош, утврдени во член 2 на оваа одлука да ги користи наменски како дел од средствата за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективното домување и замена на азбесни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи) во Општина Карпош на ул.„Хелсинки“ бр.26 Општина Карпош-Скопје.

**Член 5**

Исплатата на одобрените финансиски средства (исплата на субвенцијата) ќе се изврши по достава на Завршна ситуација за позициите наменети за замена на азбестен кровен покривач на индивидуален станбен објект, прегледани и потпишани од страна на надзорен орган на трансакциската сметка на корисникот на конкретната субвенција.

**Член 6**

Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-3984/8
Датум: 17.05.2023 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ
**за објавување на Одлука за одобрување финансиски средства за замена на азбестен кровен покривач на индивидуален станбен објект (куќа) во Општина Карпош на на ул.„Лесновска“ бр.31 во Општина Карпош-Скопје**

1. Се објавува Одлука за одобрување финансиски средства за замена на азбестен кровен покривач на индивидуален станбен објект (куќа) во Општина Карпош на ул.„Лесновска“ бр.31 во Општина Карпош-Скопје, донесена на дваесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 17 мај 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-4236/5**
**Датум:19.05.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 4; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на екологија и енергетска ефикасност за 2022 година, точка 2.2 Активности од областа на енергетска ефикасност, потточка 6.Субвенционирање на енергетско ефикасни кровови („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.23/2021 и бр.25/22), Јавен повик за доделување финансиска подршка за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективно домување и замена на азбесни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи) во Општина Карпош бр.11-2842/2 од 11.04.2022година, Апликација бр.11-4512/1 од 20.05.2022 година за проект поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективно домување и замена на азбесни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи), Правилник за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективното домување и замена на азбесни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи) во Општина Карпош бр.09-2483/13 од 31.03.2022година и Извештајод Комисијата бр.11-1317/3 од 23.03.2023година, Советот на Општина Карпош, на дваесет и осмата седница, одржана на 17.05.2023 година, донесе

## ОДЛУКА

### за одобрување финансиски средства за замена на азбестен кровен покривач на индивидуален станбен објект (куќа) во Општина Карпош на ул.„Лесновска“ бр.31 во Општина Карпош-Скопје

**Член 1**

Со оваа одлука се усвојува Барањето за финансиски средства како дел од средствата за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективното домување и замена на азбесни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи) во Опшина Карпош на ул „Лесновска“ бр.31 Општина Карпош-Скопје, согласно апликација бр.11-4512/1 од 20.05.2022год. доставена од Татјана Стефановска.

**Член 2**

За реализација на барањето од член 1 на оваа одлука се одобруваат средства во износ од 75.000,00 денари кои ќе се исплатат еднократно и се обезбедени во Буџетот на Општина Карпош за 2023 година.

**Член 3**

Врз основа на оваа одлука, Општина Карпош и барателот на финансиски средства Татјана Стефановска имаат обврска да потпишат Договор за одобрување на финансиски средства за

предметната намена, врз основа на што Градоначалникот на Општина Карпош ќе донесе Решение за исплата на финансиските средства за предметната намена.

**Член 4**

Барателот Татјана Стефановска се обврзува средствата доделени од Општина Карпош, утврдени во член 2 на оваа одлука да ги користи наменски како дел од средствата за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективното домување и замена на азбесни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи) во Општина Карпош на ул „Лесновска“ бр.31 Општина Карпош-Скопје.

**Член 5**

Исплатата на одобрените финансиски средства (исплата на субвенцијата) ќе се изврши по достава на Завршна ситуација за позициите наменети за замена на азбестен кровен покривач на индивидуален станбен објект, прегледани и потпишани од страна на надзорен орган на трансакциската сметка на корисникот на конкретната субвенција.

**Член 6**

Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-3984/9**
**Датум: 17.05.2023 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
**Бранко Ристов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ
**за објавување на Одлука за одобрување финансиски средства за замена на азбестен кровен покривач на индивидуален станбен објект (куќа) во Општина Карпош на ул.„Мраморец“ бр.25А во Општина Карпош-Скопје**

1. Се објавува Одлука за одобрување финансиски средства за замена на азбестен кровен покривач на индивидуален станбен објект (куќа) во Општина Карпош на ул.„Мраморец“ бр.25А во Општина Карпош-Скопје, донесена на дваесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 17 мај 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-4236/6**
**Датум:19.05.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 4; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на екологија и енергетска ефикасност за 2022 година, точка 2.2 Активности од областа на енергетска ефикасност, потточка 6.Субвенционирање на енергетско ефикасни кровови („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.23/2021 и бр.25/22), Јавен повик за доделување финансиска подршка за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективно домување и замена на азбесни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи) во Општина Карпош бр.11-2842/2 од 11.04.2022година, Апликација бр.11-8477/1 од 09.11.2022 година за проект поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективно домување и замена на азбесни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи), Правилник за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективното домување и замена на азбесни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи) во Општина Карпош бр.09-2483/13 од 31.03.2022година и Извештајот од Комисијата бр.11-1317/3 од 23.03.2023година, Советот на Општина Карпош, на дваесет и осмата седница, одржана на 17.05.2023 година, донесе

## ОДЛУКА
**за одобрување финансиски средства за замена на азбестен кровен покривач на индивидуален станбен објект (куќа) во Општина Карпош на ул.„Мраморец“ бр.25А во Општина Карпош-Скопје**

**Член 1**

Со оваа одлука се усвојува Барањето за финансиски средства како дел од средствата за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективното домување и замена на азбесни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи) во Општина Карпош на ул „Мраморец“ бр.25А Општина Карпош-Скопје, согласно апликација бр.11-8477/1 од 09.11.2022 година доставена од Ирис Зибери.

**Член 2**

За реализација на барањето од член 1 на оваа одлука се одобруваат средства во износ од 59.219,00 денари кои ќе се исплатат еднократно и се обезбедени во Буџетот на Општина Карпош за 2023 година.

**Член 3**

Врз основа на оваа одлука, Општина Карпош и барателот на финансиски средства Ирис Зибери имаат обврска да потпишат Договор за одобрување на финансиски средства за предметната

намена, врз основа на што Градоначалникот на Општина Карпош ќе донесе Решение за исплата на финансиските средства за предметната намена.

**Член 4**

Бaрателот Ирис Зибери се обврзува средствата доделени од Општина Карпош, утврдени во член 2 на оваа одлука да ги користи наменски како дел од средствата за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективното домување и замена на азбесни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи) во Општина Карпош на ул „Мраморец“ бр.25А Општина Карпош-Скопје.

**Член 5**

Исплатата на одобрените финансиски средства (исплата на субвенцијата) ќе се изврши по достава на Завршна ситуација за позициите наменети за замена на азбестен кровен покривач на индивидуален станбен објект, прегледани и потпишани од страна на надзорен орган на трансакциската сметка на корисникот на конкретната субвенција.

**Член 6**

Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-3984/10
Датум: 17.05.2023 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Одлука за одобрување финансиски средства за замена на азбестен кровен покривач на индивидуален станбен објект (куќа) во Општина Карпош на ул.„Дамаска“ бр.2Б во Општина Карпош-Скопје**

1. Се објавува Одлука за одобрување финансиски средства за замена на азбестен кровен покривач на индивидуален станбен објект (куќа) во Општина Карпош на ул.„Дамаска“ бр.2Б во Општина Карпош-Скопје, донесена на дваесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 17 мај 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-4236/7**
**Датум:19.05.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 4; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на екологија и енергетска ефикасност за 2022 година, точка 2.2 Активности од областа на енергетска ефикасност, потточка 6.Субвенционирање на енергетско ефикасни кровови („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.23/2021 и бр.25/22), Јавен повик за доделување финансиска подршка за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективно домување и замена на азбесни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи) во Општина Карпош бр.11-2842/2 од 11.04.2022година, Апликација бр.11-6775/1 од 30.08.2022 година за проект поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективно домување и замена на азбесни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи), Правилник за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективното домување и замена на азбесни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи) во Општина Карпош бр.09-2483/13 од 31.03.2022година и Извештајот од Комисијата бр.11-1317/2 од 21.02.2023година, Советот на Општина Карпош, на дваесет и осмата седница, одржана на 17.05.2023 година, донесе

## ОДЛУКА

**за одобрување финансиски средства за замена на азбестен кровен покривач на индивидуален станбен објект (куќа) во Општина Карпош на ул.„Дамаска“ бр.2Б во Општина Карпош-Скопје**

**Член 1**

Со оваа одлука се усвојува Барањето за финансиски средства како дел од средствата за замена на азбесни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи) во Општина Карпош на ул „Дамаска“ бр.2Б во Општина Карпош-Скопје, согласно апликација бр.11-6775/1 од 30.08.2022год. доставена од Златко Цветановски од Скопје.

**Член 2**

За реализација на барањето од член 1 на оваа одлука се одобруваат средства во износ од 75.000,00 денари кои ќе се исплатат еднократно и се обезбедени во Буџетот на Општина Карпош за 2023 година.

**Член 3**

Врз основа на оваа одлука, Општина Карпош и барателот на финансиски средства Златко Цветановски имаат обврска да потпишат Договор за одобрување на финансиски средства за

предметната намена, врз основа на што Градоначалникот на Општина Карпош ќе донесе Решение за исплата на финансиските средства за предметната намена.

**Член 4**

Барателот Златко Цветановски се обврзува средствата доделени од Општина Карпош, утврдени во член 2 на оваа одлука да ги користи наменски како дел од средствата за замена на азбесни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи) во Општина Карпош на ул „Дамаска“ бр.2Б Општина Карпош-Скопје.

**Член 5**

Исплатата на одобрените финансиски средства (исплата на субвенцијата) ќе се изврши по достава на Завршна ситуација за позициите наменети за замена на азбестен кровен покривач на индивидуален станбен објект, прегледани и потпишани од страна на надзорен орган на трансакциската сметка на корисникот на конкретната субвенција.

**Член 6**

Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-3984/11
Датум: 17.05.2023 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ

**за објавување на Одлука за одобрување финансиски средства за поправка и санација на кровен покривач на станбена зграда за колективно домување во Општина Карпош на ул.„Огражден“ бр.4 во Општина Карпош-Скопје**

1. Се објавува Одлуката за одобрување финансиски средства за поправка и санација на кровен покривач на станбена зграда за колективно домување во Општина Карпош на ул.„Огражден“ бр.4 во Општина Карпош-Скопје, донесена на дваесет и одмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 17 мај 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-4236/8**
**Датум:19.05.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 4; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на екологија и енергетска ефикасност за 2022 година, точка 2.2 Активности од областа на енергетска ефикасност, потточка 6.Субвенционирање на енергетско ефикасни кровови („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.23/2021 и бр.25/22), Јавен повик за доделување финансиска подршка за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективно домување и замена на азбесни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи) во Општина Карпош бр.11-2842/2 од 11.04.2022година, Апликација бр.11-3737/1 од 28.04.2022 година за проект поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективно домување и замена на азбесни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи), Правилник за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективното домување и замена на азбесни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи) во Општина Карпош бр.09-2483/13 од 31.03.2022година и Извештајот од Комисијата бр.11-1317/5, Советот на Општина Карпош, на дваесет и осмата седница, одржана на 17.05.2023 година, донесе

## ОДЛУКА

**за одобрување финансиски средства за поправка и санација на кровен покривач на станбена зграда за колективно домување во Општина Карпош на ул.„Огражден“ бр.4 во Општина Карпош-Скопје**

### Член 1

Со оваа одлука се усвојува Барањето за финансиски средства како дел од средствата за замена на кровни покривачи на станбени згради за колективното домување во Општина Карпош на ул „Огражден“ бр.4 во Општина Карпош-Скопје, согласно апликација бр.11-3737/1 од 28.04.2022год. доставена од Управител Плус од Скопје.

### Член 2

За реализација на барањето од член 1 на оваа одлука се одобруваат средства во износ од 200.000,00 денари кои ќе се исплатат еднократно и се обезбедени во Буџетот на Општина Карпош за 2023 година.

### Член 3

Врз основа на оваа одлука, Општина Карпош и барателот на финансиски средства Управител Плус имаат обврска да потпишат Договор за одобрување на финансиски средства за предметната

намена, врз основа на што Градоначалникот на Општина Карпош ќе донесе Решение за исплата на финансиските средства за предметната намена.

**Член 4**

Барателот Управител Плус од Скопје се обврзува средствата доделени од Општина Карпош, утврдени во член 2 на оваа одлука да ги користи наменски како дел од средствата за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективното домување во Општина Карпош на ул „Огражден“ бр.4 Општина Карпош-Скопје.

**Член 5**

Исплатата на одобрените финансиски средства (исплата на субвенцијата) ќе се изврши по достава на Завршна ситуација за позициите наменети за замена на азбестен кровен покривач на индивидуален станбен објект, прегледани и потпишани од страна на надзорен орган на трансакциската сметка на корисникот на конкретната субвенција.

**Член 6**

Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-3984/12
Датум: 17.05.2023 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
